## СООПШТЕНИЈА ЗА ЈАВНОСТ

29 јануари 2010
Извор: Макфакс

# ГРУЕВСКИ ДА ДАДЕ ОДГОВОРИ ЗА ВРАНИШКОВСКИ

Почитувани,

Два дена нема ниту владина, ниту реакција на ВМРО-ДПМНЕ за присуството на Јован Вранишковски на свечената академија по повод празникот Свети Сава. Со оглед на фактот дека на оваа свечена академија присуствуваа и владини претставници, а академијата беше организирана од страна на коалициониот партнер на ВМРО-ДПМНЕ, Демократската партија на Србите во Македонија на Иван Стоилковиќ, ваквата реакција е повеќе од потребна.

Настанот го прави уште поскандалозен фотографијата на која коалициониот партнер на Никола Груевски, Иван Стоилковиќ му оддава највисока почит на Јован Вранишковски, со тоа што му ја бакнува раката.

Доколку ваквата реакција од страна на Владата и ВМРО-ДПМНЕ изостане, тогаш нема да има никаква дилема дека Никола Груевски има ист став кон Јован Вранишковски како неговиот коалиционен партнер Иван Стоилковиќ.